# Правилник

## За регистрација на клубови и играчи во Пинг-понгарската Федерација на Македонија

## 1 ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1.

Со овој **Правилник** се одредува начинот и условите за регистрација на пинг-понгарски клубови (понатаму во текстот: **клуб**) и нивните членови и играчи кои не членуваат во клуб - право за настап, премин на играчи од еден во друг клуб, заминување во странство, лиценци, спојување на клубови и други прашања од значење за регистрацијата.

### Член 2.

Со самата регистрација, клубовите и нивните членови стекнуваат право за настап на пинг-понг натпреварувања во сезоната за која се регистрирани.

Играч кој не е регистриран во ППФМ **не може** да настапува во било кое натпреварување во надлежност на ППФМ, **освен** играчите македонски државјани кои со дозвола на ППФМ се регистрирани во странски клубови и кои по прописите на ITTF можат да настапуваат во репрезентацијата на Македонија.

Играчи поединци (љубители, рекреативци и сл.) не мора да бидат членови на ниту еден клуб, но **имаат право** да настапуваат на сите натпревари кои ги организира ППФМ (освен лига екипни натпревари), под услови споменати и опишани во други членови на овој **Правилник**, само по основ: да се државјани на Република Македонија, на кои **не им се одземени или ограничени граѓанските права**, со Закон или Судска одлука (со актуелна важност на истата).

Траењето на сезоната го одредува со своја одлука **Управниот Одбор** на ППФМ.

### Член 3.

Регистрација на клубовите и нивните членови врши **Комисијата за регистрација** на ППФМ. Регистрација се врши од 1ви Јуни во тековната година до 31ви Јануари наредната година. Исклучително, регистрација се врши цела година за обновување на регистрацијата и регистарција на кадетска возраст (П15). Исто така, можно е регистрирање на т.н. **слободен**

**играч** - играч кој во претходната (претходните) сезона (сезони) не настапувал за друг клуб или кој претходно најавил престанок на активно играње, а потоа повторно го активира настапувањето, но **не порано од најмалку една година** од претходно (последното, ако истото било повторено повеќе пати) најавеното престанување на активното играње. Истиот може да се регистрира само во дефинираните преодни рокови наведени во Член 19. од овој **Правилник**.

## Член 4.

При поднесување на барање за регистрација на клубови и нивни членови, како и за продолжување на регистрацијата се уплаќа такса која е дел на изворниот приход на ППФМ, а висината на таксата ја одредува **Управниот Одбор** на ППФМ.

## Член 5.

Клубовите можат со своите екипи и играчи да настапуваат само ако имаат уредна регистрација за таа натпреварувачка сезона која вклучува уредно заверени документи. Натпреварувачката лиценца **не е важечка** без запишан лекарски преглед (може и во електронска форма – **скенирано** – поволна апликација на телефон за скенирање на документи во случај да играчот нема специјален скенер – Microsoft Office Lens. Бесплатна е за симнување од платформите Google Play (Android) и App Store (iOS)).

Формата на регистрацијата (електронска или хартиена) ја уредува и одобрува **Управниот** Одбор на ППФМ.

## Член 6.

Во натпреварувачката сезона секоја екипа во супер лига и прва лига има обврска да регистрира играч до 21 година.

Секој клуб има право да регистрира најмногу двајца играчи со двојна регистрација. Играч со двојна регистрација нема право да игра во рамките на лига натпреварите во супер и прва лига во истата полусезона на првенството, односно има право да игра само за една екипа од Супер лига односно Прва лига.

Играч со двојна регистрација чиј матичен клуб се натпреварува во втора лига, има право да се натпреварува во лига првенството за еден клуб од Супер лига или за еден клуб од Прва лига и да се натпреварува во рамките на лига првенството од втора лига за својот матичен клуб. Исто така, право на двојна регистрација има и играч чиј што матичен клуб не учествува во лига првенството во сениорска конкуренција или истиот е регистриран за екипа која се натпреварува во младинска категорија на натпреварување.

Со цел развој на женскиот пинг – понг, клуб (трансфер клуб) кој се натпреварува во првата

женска сениорска лига, во нов дополнителен рок, може да регистрира играч од друг клуб(матичен клуб) кој играч ќе игра со двојна регистрација, и тоа во младинските категории може да игра исклучиво за матичниот клуб и да игра исклучиво женска сениорска лига за трансфер клубот. Резултатите кои играчот ги постигнува во младинските категории ќе се сметаат како резултат за младинскиот клуб, додека резултатите кои ги постигнува во сениорските натпреварувања ќе се сметаат како резултат на трансфер клубот. Играчот кој може да настапува под ова правило не смее да надминува 19 години во моментот на неговата регистрација во трансфер клубот.

Екипите од Супер лига имаат обврска на 11 натпревари (60% од вкупниот број на натпревари) од регуларниот дел на првенството во својата прва постава на позиција А, В или С да пријават играч до 21 година. Услов за да се смета дека екипата настапила со играч до 21 година е играчот да поседува македонско државјанство.

Екипата која нема да ја исполни квотата за одиграни натпревари на играч до 21 година во текот на лига натпреварите во една сезона по автоматизам ќе биде префрлена во понизок ранг на натпреварување.

На екипа која за време на преодниот рок нема да регистрира играч до 21 година нема да и биде дозволено учество во натпреварите од Супер и Прва лига и ќе се натпреварува во најнискиот ранг на натпревари.

Екипите од Прва лига имаат обврска на 11 натпревари натпревари (60% од вкупниот број на натпревари) од регуларниот дел на првенството во својата прва постава на позиција А, В или С да пријават играч до 21 година. Услов за да се смета дека екипата настапила со играч до 21 година е играчот да поседува македонско државјанство.

Во плеј оф и плеј аут натпреварите екипите немаат обврска да пријават играч до 21 година.

# 2 РЕГИСТРАЦИЈА НА КЛУБОВИ

Барање за регистрација или обнова на регистрација, клубот поднесува до **Комисијата за регистрација** во два примерока, а треба да содржат: **име на клубот**, **место и адреса**, **име, адреса и телефонски број на одговорните лица и овластените лица** за контакт со ППФМ.

## Член 7.

За прва регистрација на клубот потребно е да се достави:

- Барање за прием во членство, со обврска да делува во склад со **Статутот на ППФМ**, **Правилниците** и **Одлуките на органите на ППФМ**, а сето во согласност со **Закон за спорт**.

- Заверена фотокопија од упис во централниот регистар на здружение на граѓани
- Барање за регистрација на најмалку 5 (пет) членови натпреварувачи
- Доказ дека клубот ги исполнува условите за вршење спортска дејност пропишано со **Закон за спорт** (Агенција за Млади и Спорт - АМС)

## Член 8.

Клубот мора да ја продолжи регистрацијата согласно одредбите од **Законот за спорт** за тоа се доставува:

- Барање за продолжување на регистрацијата
- Барање за регистрација на најмалку 5 (пет) натпреварувачи
- Потврда од АМС (Агенција за Млади и Спорт) дека ги исполнува условите за регистрација
- Тековна состојба од Централен регистар

## Член 9.

**Комисијата за регистрација** има обврска да изврши регистрација во рок од 15 дена по прием на барањето. Ако регистрацијата не е извршена, Комисијата треба да го извести клубот за причините **зошто** не е прифатена регистрацијата.

## Член 10.

Клубот односно играчот се обврзани во рок од 7 (седум) дена од добивање на позитивната одлука на **Комисијата за регистрација** да ја уплати пропишаната такса (доколку има таква усвоена од **Управниот Одбор** на ППФМ).

Клубот односно играчот кои не ја подмириле обврската за уплата на таксата **немаат право** на настап додека не ја платат таксата за регистрација.

Ако горе спомената обврска **не е исполнета во рок од 30 дена**, ќе се смета дека одлуката за регистарција **не е донесена**, односно дека постапката **не е ни покрената**.

## Член 11.

За сите промени значајни за регистрацијата кои настанале во тек на сезоната, клубовите се обврзани да ја известат **Комисијата за регистрација** во рок од 10 (десет) дена од настанувањето на истата.

## Член 12.

Кога се спојуваат два или повеќе клубови, новонастанатиот клуб се регистрира во склад со Член 7 од овој **Правилник**.

Вака оформен клуб нема да биде регистриран додека не се подмират сите обврски на

клубовите кои се спојуваат.

### Член 13.

Во случај на промена на името клубот доставува:

- Молба за промена на името со наведени - старото и новото име
- Одлука на органи на клубот кои се одговорни за промената
- Заверена фотокопија за упис на клубот во Централен регистар на здружение на граѓани

### Член 14.

Клубот кој за тековната година **не изврши регистрација не може** да настапува во ниту еден степен на натпревари во надлежност на ППФМ.

### Член 15.

Клубот ќе биде избришан од евиденција на ППФМ ако не достави барање за продолжување (обнова) на регистрацијата **во рок од 2 години** од последната регистрација.

### Член 16.

## 3 РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ

Регистриран како натпреварувач може да биде секој државјанин на Република Македонија кој е член на еден од регистрираните пинг-понгарски клубови во Република Македонија.

**Не може** да биде регистрирано полнолетно лице кое **не ги ужива сите граѓански права** или **истите му се ограничени**, по основ на **Закон за државјанство** и (или) **Судска Одлука** (со актуелна важност).

Во согласност со своите национални сојузи, регистрирани може да бидат и странски државјани кои се членови на македонски пинг-понгарски клубови.

Одлука за роковите поврзани со регистрацијата за наредната сезона донесува **Управниот Одбор** на ППФМ, на почеток на секоја тековна сезона.

Возрасни категории на играчите:

- Сениори/Сениорки - лица постари од 18 години
- Млади сениори – П21 - лица кои во годината на регистрација или натпреварот полнат 21 година (регулирано со Член 1. од **Правилникот за систем на натпреварувања на ППФМ**)

- Јуниори - П19 - лица кои во годината на регистрацијата или натпреварот полнат 19 години (регулирано со Член 1. од **Правилникот за систем на натпреварувања на ППФМ**)
- Кадети - П15 – лица кои во годината на регистрација или натпреварот полнат 15 години (регулирано со Член 1. од **Правилникот за систем на натпреварувања на ППФМ**)
- Млади кадети - П12 – лица кои во годината на регистрација или натпреварот полнат 12 години (регулирано со Член 1. од **Правилникот за систем на натпреварувања на ППФМ**)
- Ветерани: согласно правилата на **ITTF/ITTF Europe/ETTU** во различни старосни категории
- Лица со хендикеп: согласно правилата на **ITTF/ITTF Europe/ETTU**.

### Член 17.

## 3.1 Прва регистрација

Со барањето за прва регистрација, до **Комисијата за регистрација** треба да се поднесе:

- Своерачно потпишана пристапница во клубот (за малолетни лица со потпис и на родителите/старателите и извод од родени)
- Фотографија 3/4 см не постара од 6 месеци (или во скен)
- Писмена изјава дека досега не бил регистриран играчот
- Доказ за државјанство

## 3.2 Обнова на регистрација

### Член 18.

Обнова на регистрација на натпреварувач се смета повторна регистарција за истиот клуб чиј играч бил регистриран и претходната сезона.

Играч кој во рокот одреден со Одлука на **Управниот Одбор** на ППФМ, не приложи потпишана пристапница за нов клуб автоматски ќе биде регистриран за дотогашниот клуб, освен ако играчот или клубот не достави изјава за престанок на членство во клубот.

## 3.3 Регистрација при премин од клуб во клуб

### Член 19.

Премин на играч од клуб во клуб се врши во рок предвиден со одлука на **Управниот Одбор**

на ППФМ. Генерално постојат 2 (два) преодни рока - **летен и зимен**, во траење од 30 и 15 дена соодветно, по завршување на натпреварувачката сезона (полусезона).

За сета документација во врска со регистрацијата која се праќа по пошта (препорачана), меродавен е датумот на поштенскиот печат. За документите кои лично се доставуваат, меродавен е датумот кога се протоколирани во ППФМ.

### Член 20.

За секоја следна сезона играчот може да потпише пристапница за било кој клуб по сопствен избор, **без исписница од дотогашниот клуб**, **освен ако има регулиран граѓански договор меѓу клубот и играчот**.

Сите обврски на релација клуб-играч може да се уредат со граѓански договор помеѓу двете страни, каде се одредени условите и обврските за клубот и играчот меѓусебно. ППФМ нема да учествува во склучување на вакви договори, ниту ќе пресудува во случај на спор меѓу страните потписници на таков договор. Недоволната страна од тој договор своите права по истиот може да ги реши само преку одредена процедура пред соодветна институција, **но никако преку или со учество на ППФМ**.

### Член 21.

Во случај играчот да потпише пристапница за повеќе клубови, ќе биде регистриран за клубот кој има пристапница со најран датум, при што се смета датум на поштенска пратка (валидна е и електронска пратка) за препорачана пратка до ППФМ или датумот кога документите се протоколирани при лична достава.

Исклучок може да биде само договор на заинтересираните клубови и играчот заверен кај Нотар.

Во ваков случај играчот, ако се докаже дека свесно потпишал за повеќе клубови ќе биде под дисциплински реперкусии, кои по службена должност ќе ги превземе **Дисциплинската комисија**.

## 3.4 Регистрација на странски играчи за македонски клуб

### Член 22.

За да се изврши регистрација на странски играч за македонски клуб, на Комисијата за регистрација мора да и се достави и:

- Своерачно потпишана пристапница на играчот

- Дозвола од странскиот сојуз во рамките на временската рамка согласно Член 19 од овој **Правилник**.

## Член 23.

Странскиот играч кој ќе добие македонско државјанство по завршување на преодниот рок нема право за настап како македонски играч на натпревари во надлежност на ППФМ а во тековната сезона ќе настапува **исклучиво** како **странски играч**. Клубот може да има регистрирано повеќе странски играчи ама право на настап во екипните натпревари во надлежност на ППФМ има **еден странски играч**.

## Член 24.

Странскиот играч може да настапува во PLAY-OFF или друг вид одлучувачки натпревари само ако во сезоната одиграл најмалку 50% (педесет проценти) од средбите на клубот за кој е регистриран без разлика што ќе биде регистриран во рамките на дефинираните преодни рокови.

## Член 25.

Играчите можат слободно да преминуваат од клуб во клуб во Република Македонија секоја година, во точно определен преоден рок, согласно овој **Правилник**.

## Член 26.

ППФМ утврдува право на клубот да може при премин во друг клуб да бара од играчот надомест за средства вложени во нивниот развој додека биле членови на тој клуб во помладите возрасни категории. Надомест може да се бара при секој премин на кадет и јуниор кој во клубот поминал најмалку 2 (две) години, односно само при прв премин на **сениор** од клуб каде како **јуниор** ги поминал двете **последни јуниорски години**. Овие одредби важат во случај на валиден граѓански договор помеѓу клубот и играчот (родителот).

*Претседател на ППФСМ*

*Горан Тиловски*